


SPARKASSE BANK
Банка на вашето семејство.

# КОРИСНИ СОВЕТИ ЗА ПОГОЛЕМА ЗАШТИТА ПРИ КОРИСТЕЊЕ БАНКОМАТИ

## Вие и Вашата Шпаркасе картичка сте совршен спој!

Таа ви овозможува пристап до Вашите средства во секое време, како и слобода да ги планирате и реализирате сите Ваши трансакции на брз и безбеден начин.

За да Ви овозможиме чувство на сигурност, издвоивме неколку корисни совети за секојдневното користење на Шпаркасе картичките.

**Кога ќе ја добиете картичката:**

- Веднаш потпишете ја картичката на нејзината задна страна.
- Запомнете го PIN кодот - никогаш не го запишувајте.
- Не го откривајте PIN кодот никому.

**Дома:**

- Чувајте ги потврдите од трансакциите на продажни места и од подигната готовина на банкомати и истите споредете ги со податоците од месечниот извештај за картичката.
- Доколку забележите трансакција која е погрешна или на која не можете да се сетите, веднаш контактирајте ја Дирекцијата за канали на дистрибуција на телефонските броеви 02/3200-717, 02/3200-742 или на е-маил адресата cards@sparkasse.mk.

**На банкомат:**

- Осигурајте се дека никој не стои премногу блиску до Вас додека сте пред банкоматот.
- Внимателно следете ги барањата наведени на екранот од банкоматот.
- Покријте ја Вашата рака додека го внесувате PIN кодот за да се осигурате дека никој не ги гледа бројките што ги внесувате.
- На крајот од трансакцијата не заборавајте да ја земете Вашата картичка.

**Доколку ја загубите картичката или се сомневате на можна злоупотреба**

- Веднаш пријавете на телефонскиот број за грижа на корисници 02/3293- 888 кој е достапен 24/7.
- Информирајте ја Дирекцијата за канали на дистрибуција на телефонските броеви 02/3200-717, 02/3200-742 или на е-маил адресата cards@sparkasse.mk и побарајте совет.
- Доколку се сомневате на злоупотреба може да побарате привремена блокада на картичката или реизработка на нова картичка.

Следете ги овие едноставни совети и уживајте со Вашата Шпаркасе картичка, каде и да сте!